Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

28 септември, 2023

**Архивски број : 21-263/7**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08), Министерот на Министерство за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО**

**Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура – Е3 (Депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци**

Се известуваат граѓаните, правните и физички лица дека се организира Јавна презентација и расправа за Нацрт Извештај за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина од Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура – Е3 (депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци.

**Јавната презентација и расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 18.10.2023 година (среда) во 12:00 часот, во просториите на општина Кавадарци.**

Одлуката за спроведување Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура – Е3 (депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец", општина Кавадарци, е донесена на 06.12.2022 и може да се погледне на следниот линк: http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-216 .

Нацрт Извештајот за Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Државна урбанистичка планска документација за некомпатибилна инфраструктура – Е3 (депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец", општина Кавадарци, беше објавен на 26.01.2023 година на web страната на Министерството за транспорт и врски ( http://mtc.gov.mk/Sozzs/Natsrt-izveshtaj-za-Strategiska-otsena-na-zhivotnata-sredina-za-Drzhavna-urbanistichka-planska-dokumentatsija-za-Nekompatibilna-infrastruktura---E3-Deponija-za-neopasen-otpad---troska-KO-Shivets-opshtina-Kavadartsi ) и се уште може да се погледне на истиот линк.


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

Министерството за транспорт и врски ја информира заинтересираната јавност дека до 18.11.2023 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт и врски, ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, или на електронските адреси на Министерството за транспорт и врски: aleksandra.jovikj@mtc.gov.mk, Aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk и vesna.markovska@mtc.gov.mk.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александра Јовиќ, диа

Проверил: Весна Андриевска, диа
Раководител на сектор за уредување на просторот



Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина “ бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk